**З А К О Н***
ЗА НАУЧНО-КУЛТУРНИТЕ СРЕДБИ
„ДЕСЕТ ДЕНА КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА"

Член 1

Според овој закон Научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република" (во натамошниот текст: Средби) основани со Одлука на Собранието на оштина Крушево на 29 март 1967 годива, ја продолжу-наат својата дејност како установа од републичко значење.

Седиштето на Средбите е во Крушево.

Член 2

Средбите ги имаат следниве задачи и цели:

- афирмирање на вековните стремежи на македонскиот народ за национална и социјална слобода, особено преку Илинденското востание и создавањето на Крушевската Република, како и на борбата на македонскиот народ и националностите, во Народноослободителната и антифашистичката војна;
- продлабочување на сознанијата за Илинден и Крушевската Република и за значајни настани и личности од историското минато на македонскиот народ и националностите;
- поттикнување на научното, културното и просветното творештво чија инспирација е Илинден и борбата на македонскиот народ за национално ослободување, создавање на своја држава и
- одбележување на значајни датуми од минатото на македонскиот народ за негово национално и социјално ослободување, херојството на учесниците во Илинденското востание од 1903 година, како и решенијата и одлуките на АСНОМ врз чии темели е создадена македонската држава.

Задачите и целите од ставот 1 на овој член поблиску се определуваат со Статутот на Средбите.

Член 3

Со Средбите раководи Совет кој го сочинуваат претседател и дванаесетмина членови. Претседателот и членовите на Советот ги избира Собранието на Република Македонија од редот на истакнати научни, културни, просветни и политички работници, за време од четири години.

Член на Советот по својата функција е градоначалникот на општината Крушево.

Советот има секретар кој го именува Советот.

Член 4

Советот на Средбите:

- донесува Статут на Средбите;
- годишни програми преку кои се остваруваат задачите и целите на Средбите;
- Финансиски план и годишна сметка за извршување на Финансискиот план;
- разгледува општи прашања во врска со остварувањето на задачите и целите на Средбите и
- врши други работи предвидени со Статутот.

Член 5

Средбите се финансираат од средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија, буџетот на општината Крушево, како и од средства стекнати од спонзорство и донаторство.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

* **Закон** за научно-културните средби „десет дена крушевска република" – („Сл.Весник на Република Македонија" бр.29/98)